**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Сто и единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 ноември 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа со 111-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Игор Ивановски, Неждет Мустафа, Рафет Муминовиќ, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Али Ахмети, Теута Арифи, Фазли Велиу, Цветанка Иванова, Љубчо Георгиевски и Тито Петковски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа по **Предлог на закон за радиодифузна дејност.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот на член 28 став 6, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски е заклучен.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање кон амандманот.

Бидејќи во Собранието се дојдени односно потпишани се само 54 пратеници, објавувам пауза до 11,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,30 часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата, а службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Како што реков, претресот по амандманот на член 28 став 6, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници 53 гласале, 11 за амандманот, еден воздржан, 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Ве известувам дека во меѓувреме Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 25 алинеја 1, член 30 за менување на став 3, и за додавање нов став 4 по ставот 3, за менување на член 35, член 38 за менување на ставовите 6 и 7 и за додавање два нови става 8 и 9, по ставот 7, член 41 за додавање нов став 2, член 42 за додавање нов став 3 по ставот 2, член 62 за додавање нова алинеја, член 63 за бришење на алинеја 4, член 91 за додавање нов став 3 по ставот 2, член 100 за менување на став 3, за менување на член 105, член 109 за менување на став 2, член 116 став 4, член 117 став 5, член 119 став 1 и 4, за менување на член 127, член 132 став 1 и 2, член 147 за менување на став 2, член 153 став 1, за менување на член 166, член 168 за бришење на став 5, за менување на член 171, член 173 став 7, и за додавање нов член по членот 175 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Да ве известам, со новиот Деловник Владата нема веќе да има право да прави вакви работи во текот на расправата.

Отворам претрес по амандманот на член 30 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратениците Драган Ѓорѓиев и Цветле Јанеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, господинот Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа бидејќи за ова предлог решение имаме владин амандман кој ја решава оваа проблематика. Тоа е амандман број 2.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен. Повелете господине Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Амандманот го повлекуваме од причини што има амандман од Владата кој го решава ова прашање.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандман на член 30 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Повелете господине Махзи.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

Согласно препораките за независност и работа на регулаторните тела во радиодифузијата, сите членови на Совето за радиодифузија мора да имаат еднаков статус што подразбира или сите да бидат професионално ангажирани, или сите да ја вршат функцијата без заснован работен однос. Од тие причини предложениот амандман е во спротивност со постојните препораки и поради тоа не може да биде прифатен. Исто така, со владин амандман сите членови се професионално вработени.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен. Повелете господине Китаноски.

**Илија Китаноски:** Јас му благодарам на министерот што на крајот од своето искажување практично го прифати овој наш амандман затоа што амандманот се однесува на тоа, бидејќи во првичната верзија, значи до денешното добивање на амандманите од Владата, беше предвидено членовите на Советот за радиодифузија, вклучително и претседателот и заменик претседателот да не бидат во редовен работен однос односно да не се професионално ангажирани за што сметавме дека навистина не постои оправдување, тргнувајќи од тоа дека, ако навистина се бара независност и професионалност на овој орган, тогаш во најмала

рака чудно е членовите и претседателот и заменик претседателот да не бидат во професионален однос. Во контекст на тоа мислам дека на Владаат и требаа од прилика 20-тина дена да го увиди тоа и да го прифати со свој амандман, гледам сега во амандманите што ни се доставени, дека функцијата член на Советот, значи нивниот амандман е тоа да се врши професионално. Нашиот амандман е токму во функција на тоа. Но, сметам дека тоа што министерот го образложи за неприфаќање на амандманот, најкоректно ќе беше да каже, практично амандманот што ние го предложивме всушност е прифатен од страна на Владата, бидејќи е предложен како нивни амандман во амандманите што сега ги добивме. Така што, од тие причини, меѓутоа не со образложението што го даде министерот, го повлекуваме амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Инаку министерот може само да каже дали се прифаќа или не, затоа што амандманот е тука, на дневен ред. Значи амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 1, поднесен од пратениците Цветле Јанеска и Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 2, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

Во решенијата предложени во Предлог законот, Советот за радиодифузија ќе функционира и ќе одлучува како колективно тело, а сите членови, вклучувајќи го и претседателот и заменик претседателот имаат рамноправен статус.

Со предложениот амандман на претседателот на Советот за радиодифузија му се дава дополнителна надлежност да раководи со стручната служба што го става во попривилегиран статус во однос на останатите членови. Од таа причина амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 пратеници 55 гласале , 8 гласале за амандманот, 2 воздржани, 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 40 поднесен од пратениците Цветла Јанеска и Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 41, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски:

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

Предложеното решение целосно е во спротивност со концептот за техничка неутралност на дозволата за вршење на радиодифузна дејност.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.Има збор господинот Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван министре, во членот 41 за кој се однесува амандманот, мојот предлог е следниот.

Тука стои дозволата за вршење на радиодифузна дејност, во понатамошниот текст, дозвола се издава за емитување и пренос на одреден радио или телевизиски програмски сервис, независно од техничките средства за пренос, под услов, начин и постапка утврдени со овој закон. Значи зборовите "независно од техничките средства за пренос", мислам дека во овој член треба да отпаднат и затоа амандмански интервенирам, бидејќи понатаму во членот 47 став 1, алинеја 3 стои "техничките средства преку кои се емитува програмата, терестијален предавател, ферквенција, јавна комуникациска мрежа, сателит, дигитална терестрална мрежа". Значи тука се дефинира едниот дел и во членот 48 став 1 алинеја 4 и 5 стои "основните технички услови, стандарди и параметри за студискиот дел, основните технички услови, стандарди и параметри за емисиониот дел одредени во согласност со законот за електронски комуникации". Токму поради тоа мислам дека овој дел, независно од техничките средства за пренос, треба да отпадне, бидејќи понатаму вие ја дефинирате дозволата и под кои технички услови за пренос, може тоа да се дефинира.

Мојата забелешка е во контекс на тоа и мислам дека е оправдана затоа што во членот 47 и во членот 48 ги дефинирате овие услови за пренос.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 16 гласале за, 1 воздржан, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 46 став 1, за бришење на алинеја 4, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа бидејќи предложеното решение е во целосна спротивност со концептот на работа на регулаторното тело во радиодифузија, следење на пазарот и обезбедување на лојална конкуренција.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Мавровски, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам претседателе.

Сведоци сме дека од Министерството за транспорт и врски во текот на оваа година издадени се дозволи за емитување на програма на целата територија на Република Македонија од кои една воопшто не е ни реализирана и покрај тоа што е добиена.

Ако еден од условите е економскиот потенцијал на пазарот и поттикнување на лојалната конкуренција. Тргнувајќи од овој начин таков простор за вие да издадете дозвола на некоја радиодифузна организација, апсолутно не постои затоа што ниту постои економски потенцијал на пазарот, а уште помалку лојалната конкуренција на овој начин што вие веќе ги дефиниравте дозволите, ќе направи нешто повеќе. Зошто? Затоа што членот 46 дефинира и вели- при определување на бројот на дозволи односно на радио и телевизиски сервиси за кои се објавува конкрус, Советот за радиодифузија поаѓа од следните критериуми: обезбедување разновидност и квалитет на програмите, тоа е во ред, значи таква разновидност сеуште немаме видено, задоволување на потребите на публиката, што е нешто надвор од она што е техничка норматива, развој на плурализмот, со што се согласуваме, но економскиот потенцијал на пазарот и поттикнувањето на лојалната конкуренција, мислам дека, ајде овој вториот дел може и да држи, но првиот дел апсолутно не одговара на постоечката ситуација во Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме:

Од 65 присутни пратеници, гласале 60, 12 гласале за, еден воздржан, и 47 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 60 став 1, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.Има збор министерот Мехази.

**Џелали Мехази:** Амандманот не се прифаќа бидејќи е во спротивност со Законот за електронски комуникации.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.Повелете господине Китаноски.

**Илија Китаноски:** Со овој амандман се врши усогласување на промените што пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ги предлага во следниве амандмани, во начинот на финансирање на радиодифузниот сектор. Така што, во рамките на овој амандман објаснувањето би било тоа затоа што дополнителните објаснувања ќе следуваат во наредните амандмани каде предлагаме еден поинаков концепт од овој што го предлата Владата.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници гласале 54, 9 гласале за, 3 воздржани, 42 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 61, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи во иста ситуација е и овој амандман, спротивен е со Законот за електронски комуникации.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Збор има господинот Китановски.

Повелете господине Китановски.

**Илија Китановски:** Јас би сакал, навистина, да слушнам од министерот поинакво образложение, за тоа што ако се усвојат, односно ако се прифатат овие амандмани, односно се прифати концептот што ние го нудиме, сигурно дека ќе следува интервенција и во Законот за електронски комуникации, во еден мал дел, во еден сосема мал дел, во суштинското усогласување, а мал дел во терминолошкото, така што би сакал да слушнам образложение што навистина е суштинско и се однесува на предложениот концепт што тука го предлагаме.

Овој амандман, конкретно, го доразработува тој концепт, каде што, практично во наредниот амандман веќе или во тој после него предлагаме воведување на фонд за поддршка на медиумите. Согласно на тоа, членот 61 да се измени и да гласи дека средствата од надоместокот за дозволен фонд за вршење на радиодифузна дејност се уплатуваат на сметка на Агенцијата за електронски комуникации во висина од 30 %, Советот за радиодифузија во висина од 30%, за финансирање на делот од трошоците од работењето и на фондот за поддршка на медиумите во висина од 40%. Сметаме дека овој концепт, вклучително и овој амандман, на овој начин ќе овозможи поголема независност и на

Советот за радиодифуција и на новововедениот фонд за поддршка на медиумите.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема други пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, 59 гласале, 9 за амандманот, нема воздржани, 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 61-а по членот 61, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставнкот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази. Повелете господине министре.

**Џемали Мехази:** Не се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен, кратко и јасно.

Господине Китановски, повелете.

**Илија Китановски:** Благодарам на опсежното образложение.

Со овој амандман, средствата што трговските радиодифузни друштва ги плаќаат на Агенцијата за електронски комуникации, претставуваат надоместок за радиофрекфренции, согласно членот 75 од Законот за електронски комуникации.

Во суштина, со воведувањето на лиценца, односно дозвола за работа, наместо досегашната концесија, се доаѓа до судир, односно не се води сметка за одредбите од Законот за електронски комуникации, на кој што, во образложението за отфрлање на претходните амандмани министерот се повикуваше дека се во судир со него. Еве, овој член, ако не се прифати амандманот, е во најблага можна мера кажано, во судир со Законот за електронски комуникации, затоа што правото на користење радиофрекфренции според тој закон се плаќа еднократен и годишен надоместок.

Ако се дозволи донесување на овие одредби, како што се предложени во оваа верзија, ќе имаме два закони, значи за електронски комуникации и Законот за радиодифузија што ќе регулираат иста материја на различни начини, дури и со различни термини. Практично медиумите, односно медиумските куќи нема да знаат што плаќаат со плаќањето на надоместокот за дозвола за вршење на радиодифузна дејност. Дали со тоа го платиле надоместокот за радиофрекфренција или надоместокот за радиофрекфренција повторно треба да го плаќаат на Агенцијата за електронски комуникации.

Со ваквото решение сметаме дека се отвора можност за еден вид континуиран политички притисок врз медиумите од страна на власта. На било која власт. Затоа предлагаме средствата да се распределуваат согласно овој амандман и обрзложението, односно формулацијата да биде така како што е предложена во амандманот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повеќе нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, гласале 53 пратеници, 8 гласале за, нема воздржани,а 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 64 став 2 поднесен од пратениците Цветле Јанеска и Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

Повелете господине министре.

**Џемали Мехази:** Се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 67 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Мехази. Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи е во спротивност со утврдениот концепт на Законот за радиодифузна дејност.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Имате збор господине Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам.

Амандманот се однесува на членот 67 и ќе морам да го прочитам за да можам полесно да го образложам, за да можат полесно да го разберат евентуално колегите кои сакаат да го разберат тоа.

Членот 67, според нашиот амандман се менува и гласи:

"Советот за радиодифузија дозволата ја обновува по автоматизам, врз основа на условите и обврските утврдени со овој закон, со Законот за електронски комуникации, со Законот за авторски права и сродни права, дозволата и актите на Советот за радиодифузија".

Овој амадман го предлагаме за да се измени постоечкото решение што предвидува постојано преоценување на веќе издадената дозвола, со цел да се избегне секаква можност за политичко влијание при продолжувањето на дозволата за вршење на радиодифузна дејност. Со овој амандман, практично, бараме по автоматизам

Советот за радиодифузија да ја продолжува дозволата на трговските радиодифузни друштва, бидејќи ако во периодот на претходната дозвола, трговското радиодифузно друштво не го почитувало законот или другите правни акти на Советот, претходно Советот ќе може да ја одземе дозволата, а не при нејзиното продолжување.

Сметам дека на овој начин, при нејзиното продолжување, ќе може да се врши политички притисок од страна на власта врз медиумите. Затоа го предлагаме овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник гласале 56 пратеници, 6 гласале за, 1 воздржан, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова глава ВИ и седум нови членови, 67-а, 67-б, 67-в, 67-г, 67-д, 67-ѓ и 67-е по главата В поднесена од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази. Поветеле господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа бидејќи е во спротивност со утврдениот концепт на финансирањето субјекти во Предлогот на законот.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен.

Господине Китановски, ве молам до сега бевте брзи и ефикасни, точни, па затоа ве молам бидете и понатаму така.

Повелете господине Китановски, имате збор.

**Илија Китановски:** Благодарам господине претседателе.

Ова е клучниот амандман поради кој што и предходните образложенија беа пократки, односно амадман со кој што практично, во суштина предлагаме еден малку поразличен концепт во Законот за радиодифузија, односно во делот за поддршка на медиумите, каде што со редица нови, односно две глави и неколку членови регулирано е формирање на фонд за поддршка на медиумите , што ќе се користи за поттикнување на плурализмот, разновидноста на програмите на трговските радиодифузни друштва.

Според овој амандман, фондот посебно правно лице, со седиште во Скопје. Во целокупната содржина што е доста долга и комплексна, само ќе кажам дека се регулира статусот на тој фонд, како посебно правно лице, изборот на управниот одбор, кои членови во него влегуваат и во тој дел сметам дека треба посебно да нагласам дека членови на управниот одбор предлагаат: два члена мнозинската асиција на електронски медиуми во Република Македонија, два члена надлежната собраниска комисија, при што се води од принципот на еднаква застапност на позицијата и опозицијата, еден член од Министерството за финансии, еден член од Министерството за култура, еден член од Советот за радиодифузија, еден член мнозинското здружение на кабелски дистрибутери и еден член од Кинотека на Македонија.

Понатаму, во понатамошните членови се повеќе регулирани надлежностите на управниот одбор, кој може да биде член, како се бираат, кој може а кој не може да биде член и т.н и т.н. Тоа се повеќе технички работи.

Суштината е дека, бидејќи пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ претходно во два наврати предлагаше донесување на закон за радиодифузија, што беше одбиен од парламентарното мнозинство, сметавме дека на овој начин ќе дадеме конструктивен придонес на предложениот закон, што го предложи Владата, односно ресорното министерство, дека со една ваква амандманска интервенција ќе дадеме конструктивен наш придонес, затоа што овој концепт што го предлагаме во согласност и со принципот на независност на Советот за радиодифузија и со принципот на независност на трговските радиодифузери во Република Македонија, исто и со отворените можности и еднаков пристап на сите нив до средствата што со овој закон се предвидени да им се доделуваат преку МРТВ. Сметаме дека е еден нон-сенс и дека апсолутно треба да се измени. Вакви примери, вакви слични решенија има во многу земји што претендираат да бидат земји членки на Европската унија.

Така што, сметаме дека во суштина ќе придонесеме, со прифаќањето на овој амандман, ќе се придонесе за развој на демократијата, за намалување на притисокот од страна на Владата, на секоја влада врз медиумите и врз нивна независност, затоа што со формирањето на еден ваков фонд сите ќе имаат еднаков пристап до средствата, односно продуценти, продуцентски куќи, не само дифузните друштва, затоа што горе-долу најголем дел од нив и работат во рамките на тие трговски радиодифузни куќи.

Се на се, сметам дека овој концепт заслужува внимание и заслужува поддршка од колегите пратеници. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓа Ивановска, имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Се јавив за збор, затоа што Предлогот што го поднесува, групата на амандманска интервенција се однесува за фондот за поддршка на медиумите. Во овие амандмани не е поддршка на развојот на медиумите, туку оформување на посебно правно лице што за Република Македонија, што е мала земја, според трошоците што се во оваа сфера, во радиодифузијата,

мислам дека е ова многу скапо решение за формирање на посебно правно лице и дека решавањето на развојот на медумите, не може да се решава само преку фондот за поддршка на медиумите. Тука се 10% за независната продукција, па во иднина се надевам дека тие средства, исто и сега со амандманите на Владата, каде што ударниот термин на рекламирање, што го бараше пратеничката група на Либерално-демократската партија, амандманите што ги добивме денеска од финансирање преку реклами на радиотрговски друштва, веќе ги подобрува нивните услови за финансирање.

Така што фондот за финансирање на медиумите само ќе значи поскапување и големо администрирање. Постои Советот за радиодифузија, Македонската радиотелевизија и други институции во државата што можат да го менаџираат и сервисираат во било каква форма фондот за поддршка на медиумите. Така што формирање на посебно правно лице, управни органи е скапа работа. Овие средства не водат кон развој на медиумите. Напротив, ги поскапуваат трошоците во менаџирање на развојот на медиумите.

Благодарам, како пратеничка група сме против амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Китановски, реплика. Повелете, имате три минути.

**Илија Китановски:** Благодарам.

Добро ќе беше од Владата или од министерот да слушневме некое вакво образложение, бидејќи тие го предлагаат законот, а не пратеничката група на ЛДП. Меѓутоа, добро.

Прво, една работа, развојот на демократијата и независноста на медиумите нема цена. Не може да биде скапа работа. Значи, јас така го разбрав толкувањето на колешката, дека само заради тоа што се дополнителни трошоци и т.н. не може да се прифати ваков концепт и дека е подобар концептот државната радиотелевизија да одлучува за програмите што ќе ги нудам приватните радиодифузери. Мислам дека е тоа нон-сенс во предлогот, без разлика како е тоа формирано и упакувано во членот од законот, каде што се вели дека во МРТВ ќе се носат тие програми, таму ќе се оценуваат и т.н. Тоа, самото по себе укажува дека трговските радиодифузери, односно приватните медиумски куќи треба да бидат на некој начин зависни од државната радиотелевизија. Што, не е добро. Сигурно не е добро.

Уште еднаш ќе повторам, ако некое решение во некој закон нуди поголема демократија и поголема независност на медиумите, сметам дека нема цена за тоа и дека нема поскапи или поефтини решенија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута, госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Колега Китановски,

Очигледно не сте ме разбрале. Вие предлагате фонд како посебно правно лице. Затоа е трошок на Фондот за развој на медиумите. Постојните институции како што е Јавниот радиодифузен сервис и Советот за радиодифузија можат да менаџираат било каков фонд за поддршка на развојот на медиумите во Република Македнија.

Затоа јас сметам дека ова решение е трошок и не води кон развој на медиумите.

Второ што сакам да ви редуцирам, вие рековте дека предлагач е Министерството за транспорт и врски. Тоа е точно. Предлагачи можат да бидат Владата и пратениците. Меѓутоа ние, како пратеници, кога носиме закони, даваме придонес кон подобрување на текстот на законот, на решенијата, таму каде што работите не биле расчистени, да се дорасчистат. Тоа е нашата функција како пратеници, а не Владата да носи а ние да гласаме. Ние сме за подобрување на сите текстови на законите. Тоа е нашата основна функција овде, во Собранието.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Китановски.

(пратеникот Лилјана Ивановска дофрла од место)

Не, бара збор. Има право колешке и вие тоа да го имате на ум, инаку два часа ќе дискутираме за некоја работа која што... Повелете господине Китановски.

**Илија Китановски:** Нема два часа претседателе, ќе бидам многу краток.

**Љупчо Јордановски:** Генерално зборувам.

**Илија Китановски:** Во суштина, државната радиотелевизија, МРТВ и приватните телевизии или приватните радија се конкуренција едни со други. Не е добро еден од конкурентите на пазарот да одлучува за проекти на другиот конкурент или да се одлучува во неговата куќа. Тоа не е добро во законот. Тоа решение не е добро и затоа тврдам дека овој амандман е многу подобар од предложеното решение во законот. Едниот е конкуренција на пазарот, едниот е арбитар на другиот. Тоа веќе не е конкуренција. Веднаш се става во монополизирана ситуација МРТВ во однос на приватните радиодифузери.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амадманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата)

Благодарам.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеника, 55 гласале, 8 за, 1 воздржан, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 71 поднесен од пратениците Драган Ѓорѓиев и Цветле Јанеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази. Повелете господине министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи членот 71 од предлог законот е целосно преземен од Конвенцијата за прекугранична телевизија. Од таа причина доставеното образложение со кое се предлага, амандманот не може да биде прифатен.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен, повелете господине Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам претседателе.

Не се согласуваме со образложението на министерот, затоа што според член 22 точка 1 од истата директива, телевизиското емитување не вклучува програми кои можат сериозно да го оштетат физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетниците особено во однос на програми кои вклучуваат порнографии и прекумерно насилство. Сега не е докрај дефиниран членот 71. Во членот 70 програмите на радиодифузерите не смеат да содржат порнографија, прекумерено насилство или програми кои можат сериозно да го загрозат физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и младите. Во член 71, правиме исклучок да во периодот од 24 до 05 часот, се остава можноста каде што не е разграничено. Ставот 1 од членот 71 вели, програмските содржини што можат да го загрозат физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и младите, а не се предвидени со член 70. Кои се тие? Значи, во истата директива вели не смее да содржи програми кои ќе го загрозат физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата, а овде вели кои што можат да го загрозат, а не се предвидени во предходниот член. Има контрадикција, не е ни дефинирано и не може да се дефинира и се дозволува, значи, едно дете на кое може да се загрози развојот може до 23.55 не смее да гледа, а после шест минути по 24.01 може да гледа. Имаме модерна технологија во која што има кодирани, ДВД цедиња, и така натаму, каде што може да се гледа тоа што може да се дозволи на малолетници. И затоа се предлага овој амандман да се прифати, овој член да се прифати. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, но нешто треба и фамилијата некои работи да заврши, да не им дава децата да бидат и после полноќ будни. Треба ли држава све да среди, па и фамилијата треба нешто да се погрижи.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучуваме претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 48 пратеници, 8 за амандманот, 5 воздржани, 35 против.

Бидејќи е 48 за 61 голема разлика, ги молам службите да го утврдат бројот на партеници.

Гласањето е валидно бидејќи во салата во времето на гласањето беа присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 74 за додавање два нови става 2 и 3 по ставот 1, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова, Томе Тромбев, Драган Ѓорѓиев, Љупчо Балковски, Спиро Мавровски и Цветле Јанеска.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, повелете господине Мехази.

**Џемал Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 76, поднесен од пратениците Драган Ѓорѓиев, Цветле Јанеска, Коста Прешоски, Никола Апостоловски и Соња Лепиткова.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи со членот 76 од предлог законот се регулира емитување на игри на среќа, со извлекување, организирани само од субјект кој што има добиено лиценца од надлежен орган за организирање игри на среќа. Бришењето на целиот член 76 како што се предлага со амандманот, ќе овозможи емитување на игри на среќа со извлекување од страна на субјекти кои немаат добиено лиценца за таа дејност.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен. Господине Ѓеорѓиев повелете имате збор.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам, јас се извинувам, меѓутоа образложението ја избегнува суштината на амандманот. Образложението од страна на министерот е опфатено во Законот за игри на среќа. Тоа значи дека сосема е погрешно во ставот 1 од истиот член 76 каде се вели дека јавниот радиодифузен сервис на своите програми не може да организира. Според Законот на игри на среќа не може да организира никој кој што нема добиено лиценца од државата. Сега образложението беше на ставот 2 кој што е вишок и не е важен, затоа што дефинира да радиодифузер може да емитува игри на среќа, итн, ако има добиено лиценца од надлежен орган за организирање игри на среќа. Во Законот за игри на среќа тоа е регулирано. Меѓутоа суштината не беше опфатена во образложението, а тоа е дека не смееме по

препораките и директивите на Европската унија и Комисија да го исклучиме јавниот радиодифузен сервис на своите програми да може да емитува, да не може да емитува игри на среќа, затоа што во 90% од државите во Европа и соседните држави тоа го прават токму јавните радиодифузери. Тоа значи и во пракса и по директивата, јавните радиодифузери вршат емитување на игри на среќа.

Како второ, пазарната економија и пазарот ќе покаже кои субјекти ја имаат лиценца, ќе одберат дали тоа ќе биде трговско радиодифузно друштво или јавен радиодифузер во зависност од цената која што ќе им ја побара за емитување.

И трето, за играчите на игри на среќа кои што учествуваат преку емитување на овие програми и за државата за собирање на поголем данок од интерес е да може и јавниот радиодифузен сервис да емитува игри на среќа, затоа што тој покрива најголем дел од териториите на Република Македонија, повеќе од 96 %, и така ќе има повеќе играчи и повеќе пари за државата.

И не е јасно, зошто ова, образложението е на ставот два е целосно дадено од страна на министерот, а не на суштината која што ја опфака овој амандман. Ние може да го измениме ако е проблемот во ставот 2 каде што министерот укажа во образложението. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, 51 гласале, 14 за амандманот, 4 воздржани, 33 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на членот 85 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова, Томе Тромбев, Драган Ѓорѓиев, Љупчо Балковски, Спиро Мавровски и Цветле Јаневска.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

Јас ќе одговорам за амандманиет 3, 4, 5 и 6, бидејќи образложението е исто, не се прифаќаат од причина што општата обврска за архивирање и чување на аудиовизуелните наследства не е предмет на уредување на овој закон. Истите амандмани прејудицираат донесување на посебен закон и формирање нова институција, што при изготвување на овој закон не биле земени во предвид и не се извршени соодветни, темелни анализи за потребата за донесување на таков посебен закон. Особено не се оценети фискалните импликации што би се предизвикале.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Ивановска имате збор, повелете.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Почнуваајќи од овој амандман, под реден број 30, амандманот под реден број 44, 45, 52 и 66 кои ги предложија група пратеници од Собранието, дозволете да ги прочитам, тоа сум јас, госпоѓата Соња Лепиткова, претседателот на Комисијата за транспорт и врски господинот Томе Тромбев, господинот Драган Ѓорѓиев, господинот Љупчо Балковски, господинот Спиро Мавровски, госпоѓата Цветле Јаневска. Сите тие се членови на Комисијата за транспорт и врски.

Ова прашање околу аудиовизуелното архивирање во Република Македонија, што е од огромно значење, беше дискутирано во повеќе наврати и во извештаите на МРТВ, во делот на финасиските проблеми околу архивирањето на аудиовизуелната документација, и сочувавањето. Во разговори со некои пратеници од пратеничката група на ДУИ исто така добивме подршка за овој амандман, за оваа група амандмани.

Затоа сметаме дека и во Законот за радиодифузија може да се реши ова прашање. Затоа што законската обврска на радиодифузните друштва може да се создаде почнувајќи од членот 85, што е сега прв амандман за гласање. Затоа сакам да ја образложам потребата од донесување на сите овие членови во законот.

Во членот 85, создаваме обврска на радиодифузните организации да бидат должни да вршат документирање, чување, архивирање на аудиовизуелните дела, согласно законот. Од овде почнува потребата од измени во делот на законот за обрврска на радиодифузните друштва да вршат аудиовизуелно архивирање. Тоа значи сите да вршат согласно законот.

Во другите амандмани предлагаме тоа да се направи со посебен закон што ќе ги регулира другите односи што не се регулирани во овој закон. Со другите амандмани, што ќе следат, исто така интервенираме во делот на институцијата, како посебна глава за Центерот за аудиовизуелно архивирање, што сега постои во јавниот радиодифузен центар, меѓутоа се соочува со организациони и финансиски проблеми. Меѓутоа, тој не е во функција само за јавниот сервис, туку и трговските радиодифузни друштва се должни, треба да бидат должни, доколку водиме сметка за аудиовизуелното наследство на Република Македонија. Затоа тоа, освен културно преставува и историско наследство на Република Македонија за што некој треба да води сметка и да го чува тоа богатство во Република Македонија.

Затоа ние, како група пратеници, кога ја подготвувавме оваа група амандмани, се согласивме околу тоа дека треба да се најде начин како да се соочува таа целокупна документација и да се архивира и да се води сметка за нејзината состојба. Затоа што состојбата со страрата документација, што е

многу важна од повеќе аспекти, особено истражувањето на аудиовизуелните дела и поттикнувањето на новото творештво, што има потреба од старото творештво за да создаде некои нови аудиовизуелни дела.

Така што сочувувањето на оваа документација е од многу суштествено значење во развојот на медиумите во Република Македонија. Ќе ги аргументирем причините поради кои што ние, како група пратеници ги предлагаме ови амандмани.

Аудиовизуелните дела представуваат национално богатство за Република Македонија и нивното документирање, чување и пошироко ползување претставува законска обврска. Тоа треба да го направиме во овој закон.

Со ваквото решавање на аудиовизуелната документација во посебен центар за аудиовизуелно наследство, таквата документација, на тој начин би била достапна за користење на сите заинтересирани субјекти, оние кои се занимаваат со истражување, па и за поттикнување на истражувачкото новинарство, секако со соодветен надомест што би било регулирано со посебен закон. На тој начин би го потикнувале и истражувачкото новинарствот, истражувањето на аудиовизуелното творештво и секако истражувачкото новинсрство што е на многу ниски граники во Република Македонија. Со тоа мораме да се согласиме. Документирањето на аудиовизуелното наследсво кажав сега се води во рамките на Македонската радио телевизија. Во извештаите видовме во каква состојба е тој дел, организационен дел во Македонската радио телевизија, пред се, од финансиски причини и од трансформацијата на МРТВ и неносењето на овој закон долго време. А, со формирањето на идниот центар за аудивизуелно архивирање ќе се создадат сите тие услови за не многу големи средства кои што ги предлагаме во идните амадмани.

Затоа, апелирам до колегите пратеници да го подржат овој амандман, со што ќе отпочне подршка и на другите амандмани за оформување на центерот на аудиовизуелното наследство и сметаме дека законот кој го спомна министерот не е толку сложен и не е од таков обем на кој што може да биде донесен во соработка со Министерството за транспорт и врски, Министерството за култура, Јавниот радиодифузен сервис и Здружениото на трговските радиодифузни друштва. Така, носењето на тој закон не бара многу работа, може да се донесе во релативно краток рок.

Затоа, прифаќањето на овој амандман ќе го отвори процесот на прифаќањето на другите амандмани. Затоа, апелирам на другите пратеници внимание во делот на гласањето на овој амандман и подршка во делот на сочувувањето и развивањето на медиумите во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Балковски, имате збор и повелете.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе.

Само во насока на подршка на овој амандман и на сите останати амандмани за Центарот за документирање, активирање и истражување и заштита на аудиовизуелното наследство.

Оваа гурпа пратеници односно Комисијата за транспорт и врски на некој начин размислува многу напред во однос на значајноста на овој Центар за аудиовизуелно наследство. Затоа, ние оставеме дури и согласно законот, значи со нов закон сите овие работи да се решат. Не сакаме да вршиме директна интервенција на овој закон сега што е со амандмани, меѓутоа само кажувеме дека радиодифузните организации се должни да вршат документрање, чување, архивирање на аудиовизуелните дела согласно закон и тој закон Министерството за транспорт и врски заедно со другите чинители кои што ќе бидат многу важни во остварување на целокупната задача што ќе ја има овој Центар да се направи еден закон кој што ќе биде во функција на сите. Многу е важно сега да го донесеме овој амандман, да го усвоиме овој амандман и потоа законот за Центарот за документирање и заштита на аудиовизуелното наследствот, затоа што досега беше многу лесно. Да кажам еден пример како МТВ да ги зачувува сите работи 40, 50 или 60 години, ќе ни се случи во иднина никој да не биде одговорен. Ќе биде некој одговорен, меѓутоа никој да не ја сноси одговорноста зошто ќе ни се уништуваат некои работи кои сега ни се битни. Меѓутоа, тогаш ќе биде многу касно да се формира тој Центар. Дајте да го донесеме амандманот и после тоа да се направи законот, за да може овој Центар навистина да функционира за интерес на сите граѓани на Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи, нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Сега сме 63 пратеници присутни во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеници, 59 гласале, 27 за, 3 воздржани, 29 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 98 став 2, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Мехази. Повелете господине министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи со договорите помеѓу спортските клубови и нивните спонзори или спонзорите на федерациите во кои членуваат не се предмет на овој закон и не претставуваат прикриена реклама.

Одредбите поврзани со респектирање на реклама се однесуваат на работата на самите

радиодифузери, односно на нивните програми и програмите кои се отповикувани или емитувани низ друг тип на договор.

Овој амандман преку намерата да се направи исклучок за спортски настани, вака како што е дефиниран, ги прави спортските настани предмет на одредбата поврзана со скриена реклама, а од друга страна ќе создаде негативен ефект за спортските настани, во смисла да ги дефинира како вид на прикриена реклама, што всушност, не се.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен. Господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Прво да искажам едно незадоволство од реакцијата на моите колеги пратеници за претходниот амандман, кој што мислев дека сите заеднички ќе го донесеме, затоа што се работи за едно природно богатство на Република Македонија, кое што со години наназад се чувало и ќе треба да го чуваме.

Апелирам и повикувам кај господата пратеници за малку поголема концентрација, затоа што вака поминуваат работи, кои што после тоа ќе треба да се носат цели нови закони за да можеме да направиме нешто, што сега можевме да го решиме само со едно гласање.

Во однос на ова што го искажа господинот министер, во однос на овој амандман, мислам дека начинот на кој што ова е напишано ги донесувам спортските екипи во Република Македонија и покрај оние мизерни средства со кои што опстојуваат, да бидат донесени во ситуација, затоа што истите се членки на меѓународни федерации, на локални, на државни федерации кои што имаат некои спонзори, а од тие спонзорства, клубовите апсолутно не добиваат ништо. Вие ова што го кажавте сега, го толкувате така како што го толкувате, што за мене не значи дека утре некој ќе го толкува во прекриена реклама, изменета реклама од "Адидас" која што на пример ЕКФ ја има поставено на спортскиот терен. Затоа, со цел на заштита на спортските екипи, мојот амандман се води во програмите на радиодифузерите, не дозволено изложување на производи чие име или макра се видливо истакнати, освен прендираниот спортски терен, местото за прес конференција и спортскиот ред.

Значи ова треба да се изземе од било каков начин на рекламирање, затоа што кажав обврските на клубовите се големи, а спонзорствата во Република Македонија апсолутно, не доаѓаат до оние што треба да дојдат и со цел на заштита го предлагам амандманот.

Се надевам дека пратениците ќе го имаат предвид и донесувањето на одлуката за гласањето. Благодарам.

(Со седницата продолжува да претседава господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието)

**Слободан Најдовски:** Со оглед на тоа што нема повеќе пријавени, констатирам дека нема пријавени.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам дали има доволен број на присутни пратеници?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 18 гласале за, нема воздржани, 39 против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласањето присутни беа 65 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 98 став 2 поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Отворам претрес по амандманот на член 109 став 2, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски господинот Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа бидејќи за член 109 на Предлог законот Владата има доставено амандман со кој децидно се утврдуваат условите за реимитување на програмските пакети преку јавните комуникациски мрежи.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен. Има збор пратеникот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Иако беше кратко времето за да имаме можност да ги видиме амандманите, не видов дека е прецизирано ова што сакаме да го постигнеме со овој амандман.

Се работи не само за терминолошко, туку и за суштинска непрецизност на терминот регистрирање, затоа што во практика тој доведува до конфликтни или нарушени односи помеѓу европските радиодифузни друштва, дали на државно, или на локално ниво и кабелските оператори и затоа предлагаме овој термин да се замени со јасниот термин добивање дозвола за реимитување од Советот за радиодифузија. Многу е појасно и точно се знае за што се однесува, затоа што терминот ги регистрира, може и се толкува и досега на различни начини и најмалку овозможува двосмислени толкувања. Затоа предлагаме појасен термин.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амамдманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Гласале 57, 12 за, 1 воздржан, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 109 став 2 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 110 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Цветле Јанеска и Драган Ѓорѓиев.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски господинот Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи во членот 82 се регулира титлувањето на програмските сервиси што се пренесуваат преку јавни комуникациски мрежи на единствен дозволен начин, кој што не ја нарушува конвенцијата.

Предложениот амандман во суштина наметнува обврска сите канали кои имаат преку 200.000 претплатници да мора да бидат титлувани, што претставува ограничување на правото на прием на странски радиодифузни сервиси, спротивно на членот 4 на Конвенцијата за прекугранична телевизија.

Исто така, предложениот амандман е во конфликт со преамбулата на конвенцијата за прекугранична телевизија.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема други пријавени за збор.

Амандманото го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник 53 гласале, 12 за, 1 воздржан, 40 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 110 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Цветле Јаневска и Драган Ѓорѓиев.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 112, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски господинот Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа, од причина што истиот е против принципите за слобода на медиумите и против член 16 од Уставот на Република Македонија за забрана на цензура.

**Слободан Најдовски:** Значи аманманот не е прифатен.Има збор пратеникот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Овој амандман го поднесуваме, заради тоа што се непрецизно дефинирани термините. Значи ептен непрецизно и спроведувањето на ваков член може да доведе до двосмислени толкувања на штета на било кој од засегнатите субјекти од овој закон.

Јас само ќе ви го прочитам член 112 каде што вели: "Операторот на јавна комуникациска мрежа, не смее да го попречува слободниот прием на радио и телевизиски програми, што се емитуваат преку теретријален предавател. Тоа не смее да го прави ниту Електродистрибуција, не смеат да го прават ниту граѓани. Тоа е регулирано со сосема други закони. Се разбира дека не смее. Не знам што се сака да се постигне со ставање на посебен член на овој закон и кој проблем во практиката се сака да се регулира со овој член, а овозможува водење на спорови причински или беспричински помеѓу кабелските оператори и трговските радиодифузни друштва.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Најнапред ќе кажам категорично против бришењето на член 112 од Законот. Напротив дека не е е точно прецизиран. Точно е прецизирано. Јавна комуникациска мрежа е јасно дефинирано во Законот за електронски комуникации, што е јавна комуникациска мрежа. Во дефинициите за јавна комуникациска мрежа. Овде, напротив со бришењето на член 112, пратениците од ДПМНЕ предлагаат да нема слободен пристап на радиотелевизиските програми што се емитуваат преку територијален предавател. Значи пратеничката група на ДПМНЕ и господинот Китановски предлага концентрирана моќ на јавните комуникациски мрежи по свој избор да вршат кои телевизиски програми ќе бидат емитувани преку јавната комуникациска мрежа. Значи се спречува слободен пристап на сите радиотелевизиски програми. Ова е ограничување и цензурирање, што се многу страшни од политички аспект. Цензурата на кои програми ќе бидат емитувани од јавна комуникациска мрежа, пострашно здравје. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам. Господин Китановски, збор или реплика.

Три минути реплика за господинот Китановски.

**Илија Китановски:** Почитувана колешке, немојте воопшто да се трудите да го интерпретирате, или да го објаснувате она што ние сме сакале да го кажеме со амандманот. Тоа што сме сакале да го кажеме сме го напишале во амандманот и сеге усмено го образложивме. Немојте такви драматични изврттувања на тезите да правите. Јас само кажувам дека амандманот е поднесен од праткитчни причини, затоа што не ја гледам смислата за посебно потенцирање дека слободниот прием на сигналот од територијален предавател, не може да го попречува јавна комуникациска мрежа. А друг може? Тоа е смислата. Значи сите други можат да го попречуваат. Тоа е непрецизноста и тоа може да предизвика кај сите учесници што го тангира овој закон и недоумици и различни толкувања, дури и сукоби. А сите други политички толкувања оставете ги за состојбите кај вас.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Ивановска една минута контра реплика, повелете.

**Лилјана Ивановска:** Јас колега Китановски воопшто не драматизирам, напротив, го толкувам

тоа што вие како пратеници го предлагате во делот на цензурирањето на јавните телекомуникациски мрежи. Слободниот пристап на сите програмски сервиси, кои што согласно овој закон добиле дозвола за емитување на програмските сервиси на територијата на Република Македонија треба да имаат слободен пристап и тоа е слободата на медиумите и слободата на изразувањето во Република Македонија. Не е тоа драматично. Напротив, затоа кажав на тој начин дека цензурирањето е страшна работа. Бришењето на членот 112 значи цензурирање од страна на јавните комуникациски мрежи. Тоа сакав да кажам. Ако тоа звучи драматично за господинот Китановски и за пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ, значи тие се принципи за слободата на медиумите во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Драган Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Расправата по овој амандман сметам дека отиде во друга насока. Јас ќе бидам конкретен. Овој член мора да стои од технички причини. Операторот на јавна комуникациска мрежа, може со различни техннички средства, ако овој член не стои да го попречува слободниот прием на радио и телевизиски програми и граѓаните што не се вклучени на кабловска телевизија да бидат условени, затоа што неможат да извршат прием преку терестријален предавател, да мора да бидат принудени да се приклучат на операторот на јавната телекомуникациска мрежа. Тоа е одговорот на тоа прашање. Сметам дека против тоа нема аргументи. Ако не стои овој член, некои оператори можат со технички средства да попречат и прием граѓаните не можат да извршат и се принудени да плаќаат кабловска линија и тие што не сакаат. Значи тие се технички причини. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Јас навистина, со сета добра волја се обидов да разберам што сака да каже колешката, ама не успеав. Значи повторно ќе кажам ако сакаат некои состојби да се политизираат и драматизираат добро, ама не го погоди ниту законот, ниту членот за да може тоа да го прави за недемократија, за забрана на медиумите. Ако некој тоа го прави, го прави вашата Влада. Тоа на сите им е јасно и на врапците на гранка. Меѓутоа, што е суштински? Она што претходно го кажа колегата Ѓорѓиев, мислам дека ја допре суштината, меѓутоа, дали само операторот на јавна комуникациска мрежа, може да го попречува слободниот прием на радио и телевизиските програми на територијален предавател, или тоа може да го прави неговиот конкурент. Еве еден банален пример, зошто тоа не е овде регулирано, ако е така. Ако се сака со овој член навистина да се овозможи на приватните радиотелевизиски станици, кои што имаат концесија на локално или на државно ниво непречено да го прават тоа. Дури и физички било кое лице тоа може да го прави. Во таа смисла, не ја гледам смислата за јавната комуникациска мрежа дека не смее тоа да го прави. Никој не смее тоа да го прави. Во најмала рака треба сосема нов член, кој што поинаку треба да ги опфати сите овие работи, или спречувањето е опфатено со други закони и казниви дела. Така да, тоа е смислата, а не некои небулози околу недемократија и цензурирање и така натаму. Тоа што го мислите и што го правите немојте да го препишувате на други.

**Слободан Најдовски:** Господине Китановски повеќе од дискусијата не беше за амандманот, но во ред, да дозволиме малиу и настрана од амандманот.

Повелете господине Ѓорѓиев, имате три минути реплика.

**Драган Ѓорѓиев:** Сега сметам дека ја допираме суштината, меѓутоа, зошто операторот треба да биде ограничен. Затоа што операторот ја има техничката опрема со која што може да го направи тоа, како прво и како второ, затоа што конкуренцијата ќе ја намали со спречувањето на приемот на радиотелевизиските програми. И постои реална опасност тоа да го направи и затоа тој член не е вишок и не го оптоварува текстот. Сметам дека овде треба да бидеме сите едногласни, да се поддржи.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика за господинот Китановски Илија.

**Илија Китановски:** Премногу време и внимание на ова посветивме. Дали нема техника и можност да го направи тоа и зошто тогаш тоа не е регулирано во овој член, туку само јавната комуникациска мрежа. Тоа е дилемата и тоа е апсурдноста од постоењето на ваков, каков што е напишан членот.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата. Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 65 пратеници. Од нив гласале 51, 6 гласале за, 1 воздржан, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 112, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 116 став 1 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, господинот Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи целосно е спротивен со директивата телевизија без граници и Конвенцијата за прекугранична телевизија. Исто така, амандманот е спротивен на Препораката 96/10 и Резолуцијата

број 1 за иднината на јавните сервиси на Советот на Европа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Илија Китаноски. Повелете господине Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам. Не знам дали за ист амандман зборуваме со министерот.

**Слободан Најдовски:** Да појасниме, зборуваме за амандманот на член 116 став 1, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

**Илија Китаноски:** Да, значи за истиот амандман зборуваме, ама тогаш не го разбрав образложението, бидејќи министерот спомна многу директиви. Дел од амандманот или суштината на амандманот е прифатена од Владата, од предлагачот, затоа што суштински амандманот се однесува на правото на МРТВ да се финансира од рекламирање. Во амандманот поднесен од Владата се ограничени термините, а мислам дека и пратеничката група на ЛДП имаше ист или сличен таков амандман. Нашиот амандман се однесува на комплетно бришење во членот 116 став 1, каде што се регулираат изворите на финансирање на МТВ, зборовите "од рекламирање" се бришат, меѓутоа сметаме дека и овој прифатен амандман оди во иста насока на ограничување, барем, ако не и комплетно бришење на правата на државната радио-телевизија да се финансира и од реклами и со тоа да ги доведе во нерамноправна положба приватните радиодифузери. Бидејќи суштински се работи за прифаќање на правецот на нашето размислување во поднесувањето на овој амандман, амандманот ќе го повлечеме. Затоа, не го разбирам образложението на министерот кој наведе еден куп директиви зошто не се прифаќа амандманот, а самиот тој практично предложил негово прифаќање.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е повелечен господине Китаноски? (Да)

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 117 за додавање нов став 11 по ставот 10, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска и Соња Лепиткова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, господинот Џемали Мехази.

Повелете господине министре.

**Џемали Мехази:** Благодарам. Амандманот не се прифаќа, бидејќи е прифатен амандманот број 14 на Комисијата за транспорт, врски и екологија, кој е во иста насока со предложениот амандман.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Лилјана Ивановска. Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам потпретседателе.

Сакам министре појаснување. Овој амандман воопшто не е ист со содржината што беше од Комисијата за транспорт, врски и екологија. Од Комисијата за транспорт, врски и екологија имаше амандман на член каде што јавниот радиодифузен сервис треба да создаде програма од регионално значење.

Колеги пратеници, овој амандман кој што го предлагаме со колешката Соња Лепиткова, а неофицијално добивме пдоршка од многу пратеници кои не стигнаа да се потпишат на амандманот кој во последен момент го поднесовме на последниот ден на предлагање амандмани. Ќе ја прочитам содржината на амандманот и потоа ќе елаборурам зошто.

Во членот 117 по ставот 10, каде што се дефинираат програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, регионалните продукциони центри емитуваат посебни радио и ТВ програми од јавен интерес на регионално ниво.

Со два амандмани на Комисијата за транспорт, врски и екологија дефиниравме дека јавниот радиодифузен сервис го избришавме зборот "може да", така што обврската јавниот радиодифузен сервис да основа регионални продукциони центри се овозможи со тој амандман кој што Министерството го прифати на Комисијата за транспорт, врски и екологија и стана составен дел на овој закон.

Вториот амандман кој што го предложивме беше во делот на емитување на програми од регионално значење, меѓутоа, тоа е на централно ниво. Овој амандман го решава интересот во процес на децентрализација на локално ниво. Значи регионалните продукциони центри технички можат во одредено време со исклучување, на пример, на предавателот да емитуваат програма која е од локално или регионално значење, која што не е интересна за емитување на пример на национално ниво. Ова од економски аспект е оправдано, затоа што ниту јавниот радиодифузен сервис не може целосно да покрие програмски интерес од регионално значење или локално значење. Затоа, во одредено време во денот локалните радиодифузни друштва, односно сега регионалните продукциони центри би можеле да емитуваат програма од локално значење која штонема интерес за другите. Зато, после рокот кој што е даден во законот, Советот за радиодифузија во консултација со Агенцијата за информации и Македонската радио-телевизија ќе донесе одлука и ќе оформи регионални продукциони центри, да се даде правото регионалните продукциони центри да може да емитуваат програма на регионално ниво. Тоа е и во принципите на претстојната децентрализација за можноста регионалните продукциони центри да продуцираат своја програма. Ние сме свесни како пратеници дека тоа бара одредени средства, меѓутоа, тоа значи и развој на информираноста на целата територија на Република Македонија. Затоа знаеме како

функционираат централните јавни радиодифузни сервиси. Затоа, регионалните продукциони центри треба да имаат право да емитуваат одредено време, а Советот за радиодифузија и Советот за Македонска радио-телевизија може да дефинираат колкаво ќе биде тоа време на емитување во текот на денот и со каква содржина, така што механизмите на дизајнирање на таа програма, на времетраењето, контролата е во рацете на Советот за радиодифузија, а другиот дел во уредувачката политика на јавниот радиодифузен сервис кој ќе дефинира начин на емитување на таа програма.

Ќе потенцирам до колегите пратеници дека многу е важно регионалното значење на оваа можност во законот, особено во срединие каде што многу малку се информира на национално ниво и нема потреба некои настани да се пренесуваат на национално ниво, меѓутоа, има големо значење да се емитуваат на регионално ниво. Затоа, апелирам до колегите пратеници да го подржат овој амандман. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарма.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски. Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам потпретседателе.

Овој амандман сигурно би го потпишале и ние останатите од Комисијата за транспорт, врски и екологија и мислам дека ова што неколку години во овој Парламент го говориме цело време кога имаме расправа за Македонската радио-телевизија успеавме на наекој начин да биде обврзувачко формирањето на регионалните продукциони центри, и покрај тоа што мислам дека финансиските мотиви ќе бидат одлучувачки пред формирањето и покрај заложбите што се даваат од Комисијата, реализацијата ќе оди малку потешко, но во секој случај регионалните продукциони центри кои ќе емитуваат посебни радио и ТВ програми од јавен интерес на регионално ниво се неопходни и мислам дека сите оние центри кои ќе се формираат токму во таа насока треба и да функционираат. Многу пати сме говореле дека во овој момент во Република Македонија многу побрзо ќе дојдеме до информации и директни информации за она што се случува во светот за сите катастрофи или добри работи, но затоа, кога добиваме информации од локалните центри, добиваме информација по телефон со некои слики кои апсолутно не одговараат на она што се случува. Мислам дека сме една држава на која вкупната должина од 200 км. овозможува тој пренос на информации да биде веднаш и во моментот направен.

Затоа, го подржувам овој амандман и мислам дека кај колегите пратеници ќе има разбирање сите заедно да го донесеме овој амандман и формирањето на регионалните продукциони центри на некој начин да биде и решение за она што понатаму Владата не успеала или се обидела, но не нашла начин како јавните радиодифузери во локалната самоуправа да бидат на некој начин заштитени и да формираат своја програма со која ќе обезбедат на граѓаните и понатаму да добиваат инфорамции за она што се случува во нивниот регион.

Затоа, јас ќе гласам за амандманот и ги повикувам колегите да гласаат исто така за амандманот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.Констатирам дека нема повеќе приајвени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 19 пратеници гласале за, 2 воздржано и 36 против.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници во салата).

Во моментот на гласање биле присутни 59 пратеници.

Гласањето го поништувам.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

(Во салата влегуваат пратеници).

Гласањето го повторувам. Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, гласале 55 пратеници. Од нив 20 пратеници гласале за, нема воздржани и 35 пратеници се против.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот на член 117 за додавање нов став 11 по ставот 10, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска и Соња Лепиткова.

Отворам претрес на член 124 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова, Томе Тромбев, Драган Ѓоргиев, Љупчо Балковски, Спиро Мавровски и Цветле Јанеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски, господинот Џемали Мехази.

Господине Алити, барате збор процедурално? (Да)

Само да се произнесе министерот и веднаш после ќе ви дадам збор. Може ли така?Повелете господине министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Повелете господине Алити, имате збор процедурално.

**Рафис Алити:** Благодарам потпретседателе.

Во име на парламентарната група на ДУИ барам половина час пауза поради наши партиски активности како парламентарна група.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Објавувам пауза до 13,30 часот по барање на пратеничката група на ДУИ.

(Пауза од 13,03 часот).

(По паузата седницата продолжи во 13,35 часот).

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Со оглед на тоа што претходниот амандман е прифатен и стана составен дел на текстот на законот.

Преминуваме на следниот амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 125 за бришење на ставовите 1,2 и 4, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски господинот Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа бидејќи е целосно спротивен на директивата на Телевизија без граници и Конвенција за прекугранична телевизија.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен. Има збор пратеникот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Овој амандман се предлага заради транспарентност и непристрасност при распределба на средствата кои ќе се користат за поттикнување на плурализмот и разновидноста на програмите на трговските радиодифузни друштва. Со постојното решение со префрлање на 10% од радиодифузната такса за финансирање на проекти од јавен интерес во МРТВ еден добар дел од локалните телевизии и радиа постои опасност да згаснат, бидејќи овие средства значат многу за нивното опстојување и функционирање, а во нерамноправна положба се ставаат и останатите приватни радиа и телевизии на национално ниво кои што за проектите од јавен интерес ќе треба да конкурираат во конкурентската телевизиска, или радио станица МРТВ. Тоа само по себе е нон сенс. Притоа со закон не е утврдено по кои критериуми МРТВ ќе ги дели овие средства. И токму затоа еден од претходните амандмани на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ беше и за формирање на фонд за поддршка на медиумите, затоа што со неговото формирање на најтранспарентен и на најнезависен начин ослободен од разни политички влијанија ќе се врши распределба на средства од јавен интерес. Значи, очекуваме поддршка за прифаќање на овој амандман токму заради основната цел заради која што и се носи овој закон и целиот текст и во образложението и во потребите за негово донесување буквално поаѓа од тоа дека, од констатации дека сето тоа се прави заради поголема независност и поголема демократичност во овој сегмент од општествениот живот. Сметаме дека во суштина неприфаќањето на овој амандман ќе ги стави во нерамноправна положба сите останати учесници во радиодифузната дејност во однос на МРТВ колку и понатаму да се труди и предлагачот и самата МРТВ да внесува одредби кои што ќе ги објективизираат тие критериуми. Самиот факт што сепак, проектите ќе се поднесуваат во МРТВ доволно говори за тоа дека ќе постои еден степен на зависност од таа медиумска куќа, односно степен на зависност на сите останати медиумски куќи од МРТВ.

**Љупчо Јордановски:** Има збор Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе. Со овој амандман за кој што дискутираше господинот Китаноски се предлага во член 125 каде што 10% за поттикнување на независната продукција во Република Македонија од годишните средства наменети за продукција на телевизиска програма е поттикнјување на независна продукција. Претходно амандманите кои што се однесуваа за Фондот за развој на медиумите не беа изгласани. Со бришењето, доколку овој амандман се изгласа како што апелира господинот Китаноски целосно ќе се избришат и 10% за независна продукција во Република Македонија. Значи, сметам дека треба да го повлечат амандманот, затоа што претходните амандмани за Фондот не беа изгласани, а овој амандман ќе ги избрише и тие 10% за независна продукција. Така што ќе останат независните продуценти без средства, ако се изгласа овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Китаноски, реплика.

**Илија Китаноски:** Благодарам претседателе. Многу е тенко образложението дека заради тоа што претходните амандмани не беа прифатени, бидејќи се работи за еден суштински поинаков концепт дека тоа е основната причина заради која што не треба да се прифати овој амандман. Гледам од самото тоа дека нема ниту предлагачот, ниту колешката нема некои суштински аргументи да го негира сето она што претходно го кажав, дека сите медиумски куќи буквално во принцип конкуренти со МРТВ ќе бидат зависни од неа и на овој начин ќе и се овозможи една монополска положба на МРТВ во однос на другите телевизиски и радиодифузни куќи.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика госпоѓа Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Вие кажавте дека нема суштинска дискусија во тоа што го кажав со амандманот кој што го предлагате. Посуштинско од тоа бришење 10% за независна продукција со овој амандман, а претходно неизгласани поддршки за Фондот за поддршка на медиумите. Не гледам што е тука несуштинско. Вие се залагате за бришење на 10% за независна продукција во овој амандман без поддршка на Фондот за медиумите.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Суштински и суштина е она што во суштина се уредува со овој закон. И многу е лесно да ги формализираме работите дека ако

претходните амандмани не се прифатени, со овој амандман практично ќе се отстранат тие 10% за развој и тн. Меѓутоа, тоа воопшто не го оправдува немањето на аргументи зошто целиот овој концепт е неприфатлив, односно зошто концептот кој што го нуди Владата со префрлањето практично на овој развоен фонд во рацете на државната телевизиска куќа е добро решение за медиумите и воопшто за целокупниот медиумски простор во Република Македонија, апсолутно не е добро, апсолутно е штетно.

**Љупчо Јордановски:** Реплика три минути госпоѓа Анѓелка Пеева-Лауренчиќ.

**Анѓелка Пеева-Лауренчиќ:** Можам да се согласам со дел од вашите аргументи кој, како ќе ги доделува тие средства. Но, тоа што е суштинско како што и самиот рековте, е дали постојат, или не постојат средства за независна продукција. Значи заложбата е да постојат средства за независна продукција. Вие се залагате истите да се избришат и тоа е суштината на целиот спор.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика господине Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам. И повторно разговараме за форма и за суштина. Воопшто не сакате да навлезете во аргументи и во аргументирана расправа зошто овој концепт не е добар, а добар е концептот на Владата, туку единствениот аргумент ви е тоа дека претходните амандмани не се прифатени па затоа ќе останат медиумите без овие 10% и тн. На овој начин како што сега се предлага навистина ќе останат без тие 10%, односно тие 10% буквално ќе зависат од волјата на Владата изразена преку МРТВ.

**Љупчо Јордановски:** Можеме да се убедиме?

**Анѓелка Пеева-Лауренчиќ:** Да се обидеме да ја сведеме суштината и формалното на практичното, а тоа значи дека кога зборуваме за развојните фондови во делот на продукцијата на програма, не зборуваме за медиуми, туку зборуваме за медиуми и независни продукции што се две различни категории. Со амандманот кој што се предлага се брише можноста за постоење на средства кои што ќе ја поддржат таа програма на независните продуценти без оглед дали тие произлегуваат од медиум, или не. Затоа апелирам предалгачот да го повлече амандманот и доколку тоа не се случи мнозинството да не го поддржи амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика господинот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Значи, повторно заглавуваме во една формална реторика, да, заглавувате затоа што немате аргументи зошто тие 10% за развој на кои што ќе можат да конкурираат и медиумски куќи и независни продуценти и тн., а многу добро знаете колку има такви и дека и тие на овој, или на оној начин се поврзани, веројатно има и независни, дека сите тие буквално ги насочувате во државната телевизиска куќа едноставно таму да бараат милост, едноставно добра волја за нивните проекти да бидат прифатени. Да не зборувам за оние мали локални радио и телевизиски куќи кои што буквално зависат од тие средства, а се трудат да направат некоја сопствена продукција и едноставно да бидат зависни од државниот медиум. Тоа не е добро во решението и за тоа сакам да расправаме. Ако сакате да расправате за форми, повелете расправајте се меѓу себе.

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓа Анѓелка Пеева.

**Анѓелка Пеева-Лауренчиќ:** Навистина не знам што треба да се каже за да ви биде јасно дека со тоа што претходните амандмани не поминаа, овој амандман комплетно ги укинува средствата наменети за независна продукција. Натаму нема да навлегувам во објаснување. Апсолутно господин Китаноски не можете да зборувате за суштината, ако формата веќе замина. Значи, претходните амандмани не беа усвоени.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам. Значи, остануваме конзистентни на содржината и на суштината, а формата ви ја препуштаме вам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да го гласаме амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи имаме уште седум минути до пауза, објавувам продолжување на седницата во 15,00 часот.

(Пауза од 13,53 часот).

(По пауза седницата продолжи со работа во 15,00 часот.)

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да ги пребројат присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Сега сме 61 пратеник. Благодарам.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник 55 гласале, од кои 2 за, 2 воздржани и 51 против.

Констатирам дека Амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 126 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Лилјана Ивановска и Соња Лепиткова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Џемаил Мехази:** Амандманот не се прифаќа бидејќи концептот на предлогот на законот е таков што тој не ги уредува прашањата за внатрешната организација на поставеноста на Македонската радио телевизија, така да ова прашање е предмет на статутот на Македонска

радио телевизија и актите за систематизација, организазција на Македонската радио телевизија.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен, повелете госпоѓо Ивановска, имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе,

Овој амандман што го предлагаме со колешката Соња Лепиткова е заради нашиот став на членовите на пратеничката група на ЛДП, Комисијата за транспорт и врски дека Радиото и телевизијата треба да бидат два посебни медиуми, заради природата на функционирање и на радиото и на телевизијата како посебни медиуми.

Сметаме дека извршниот директор има други обврски околлу функционирањето на јавниот радиодифузен сервис и за тоа сметаме дека директор и главен уредник на Македонската радио и директор и главен уредник на македонската телвизија треба да бидат регулирани со Законот и ќе придонесат за функционирање на двата медиуми посебно и поефикасно во структурата на Македонската радио телевизија.

Апелирам до колегите пратеници да го подржат амандманот.Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејки никој друг нема пријавено за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

64 се присутни, 11 гласале за амандманот, 4 воздржани,41 против.

Констатирам дека амандманот од страна на Собранието не е усвоен.

Бидејки Владата на Република Македонија поднесе амандман за менување на член 127, амандманот на член 127, став 3, алинеја 2, 4, 12 и за додавање нова алинеја по алинеја 14 поднесен од пратениците Рафис Алити, Ејуп Рустеми, Адни Јашари, Абдулаким Адеми , кој е под реден број 40 од списокот на редоследот на амандманите по кои Собранието води претрес е безпредметен и по него нема да водиме претрес , бидејки со дополнителни амандмани од Владата тие амандмани се веќе безпредметни, односно решен е проблемот.

Отворам претрес по амандманот на член 130 став 3, поднесен од пратениците Рафис Алити, Ејуп Рустеми, Адни Јашари и Абдилаќим Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот Мехази.

**Џемаил Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за менување на член 132, став 1 и 2,бидејки овој амандман е со иста содржина со амандманот на член 132 став 1 и 2 поднесен од пратениците Драган Ѓорѓиев и Цветле Јанеска , кој е под реден број 42 од списокот на редоследот на амандманите по кои Сибранието води претрес по амандманот на пратениците нема да водиме претрес.

Отворам претрес по амандманот на член 140 , поднесен од пратениците Рафис Алити, Ејуп Рустеми, Адни Јашари и Абдилаќим Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.Има збор министерот Мехази.

**Џемаил Мехази:** Амандманот не се прифаќа, бидејки е прифатен амандманот на Комисијата за транспорт, врски и екологија, кој е во иста насока со предложениот амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не прифатен.

Повелете господине Рустеми, имате збор.

**Ејуп Рустеми:** Благодарам господине претседател,

Бидејки е прифатен амандманот од Комисијата за транспорт, врски и екологија, кој ја има истата цел, овој амандман ние како пратеничка група каја сме го поднеле овој амандман, амандманот го повлекуваме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова глава 11 и два нови члена 144 а) и 144 б) по членот 144 поднесенод пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова, Томе Тромбев, Драган Ѓеорѓиев, Љупчо Балковски, Спиро Мавровски и Цветле Јанеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски. Повелете господине Мехази.

**Џемаил Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓа Ивановска, имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам господине претседателе.

Претходно дискутирав по редниот број 30, амандман за центарот за аудиовизуелното наследство односно центарот за оформување на заштита на документирање, архивирање и истражување и заштита на аудовизуелното наследство.

Во меѓу време многу колеги се информираа за суштината на овој амандман. Нешто што пропуштив да кажам во првото излагање на член 30 кога дискутирав, доколку и понатаму, другите амандмани се изгласаа од реден број 44, 45, 52 и 66 ќе се овозможи формирање на Центарот за аудовизуелното архивирање и исстражување и заштита на аудовизуелното наследство.

Овој центар кога го предлагавме амандманот, нашата идеја беше центарот да се воспостави во рамките на јавниот радиодифузен сервис. И до сега во пракса архивирањето се води во македонската радио телевизија, меѓутоа, не како посебна организациона единица. Со нашите амандмани кои што ги предлагаат колегите

пратеници потпишани, како што кажа претседателот на Комисијата, господинот Томе Тромбев, Драган Ѓеорѓив, Љупчо Балковски, Цветле Јаневска и други пратеници кои го поддржуваат овој центар, меѓутоа некои аргументи се дека не е време за центарот сега.

До профункционирање на овој закон во рок од 6 месеци може да се обезбедат услови центарот да функционира во рамките на МРТВ, со двата проценти од радиодифузната такса што се предлагаат, така да во делот на трансформација на МРТВ дел од вр аботените, просторните услови, минималните технички услови, доопремување со тие два проценти од Радиодифузната такса, Центарот би можел да профункционира. Значи, целокупната постојна документација и идната документација која што би се прибирала во тој иден центар би била во рамките на јавниот радиодифузен сервис.

На тој начин ќе се создадат услови за отпочнување на овој значаен процес кој што е важен за истражувањето, за документирањето и зачувувањето на културното и историско наследство во делот на аудовизуелните дела кои што се стварани во историјата на Република Македонија.

Затоа сметам дека доколку се прифатат амандманите од реден број 44 натаму, реден број 44, 45, 2 и 66, иако амандманот 30 не беше прифатен ќе се создадат услови за основање на центарот а со евентуална интервенција на амандманот 30 во текот на седницата може да се створи обврската за трговките радиодифузни друштва да ги активираат аудовизуелните дела што во меѓувреме ќе ги створат. За тоа може центарот со гласање да биде прифатен и од оваа фаза натаму во амандманската расправа.

Затоа до колегите пратеници апелирам да ја поддржат оваа идеја околу центарот, да го гласаат овој амандман и другите понатаму. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Господине Мавровски повелете, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе,

Значи ова е што м инатиот пат не помина со два гласа, можеби се направи некој пропуст кај пратениците, но еве можеби за поправка мислам дека колешката Ивановска требаше да ги запознае пратениците со ова што значи амандманот, тоа е четвртиот амандман кој е предложен од група пратеници каде што се додаваат два нови члена, членовите 144-а и 144-б, кои гласат "заштита на аудовизуелното наследство.

Значи, функциите на документирање, евидентирање и заштита на аудовизуелното наследство на Република Македонија ги остварува центарот за документирање, архивирање, истражување и заштита на ова наследство.

Радиодифузните организации се должни по завршувањето на рокот, став 1 на член 85 на овој закон, снимките да ги доставаат до Центарот од став 1 на овој член.

Дејноста, начинот на организирање и функционирање на Центарот за документирање, архивирање, истражување и заштита на аудовизуелното наследство се уредуваат со посебен закон, за кој што говоревме и прифаќањето на овој амандман и останатите три ќе донесе ситуација во која што нашето наследство ќе биде заштитено и конечно ќе се формира тој центар со кој што нема да се оптоварува ни Македонската радио телевизија, но од друга страна државата ќе го заштити се она што е национален интерес за граѓаните на Република Македонија.

Затоа ќе апелирам до пратениците овој пат да ги излгасаме овие четири амандмани и да дојдеме во ситуација да се формира тој центар за документирање и архивирање. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Навистина не ми е јасно како можете со закон да го натерате приватникот кој што инвестирал во некоја програма да го даде тоа како архива ако не го купи државата. Тоа значи додатни пари. Затоа, искрено јас не гледам дека во ваков закон може да има ваков член. Државата ако има интерес секогаш приватникот својот производ ќе го продаде на државата. Со некои вакви членови ние даваме обврска и таа обврска кога треба да се исполни ќе треба и пари да се најдат, а државата ќе си определи што е интерес за да се заштити националното и културното богатство. Треба да има некој да инвестира и тоа треба некој да го купи, а ние со закон го тераме приватникот своите приватни пари да мора да ги ослободи на државата. Државата треба да си ги купи тие работи. Затоа јас велам дека не можам да го сватам концептот, идејата на овие амандмани и се што може да се постигне со тоа што државата во својата програма, ние имаме програма за одбележување на значајни датуми и си има програма каде што ќе каже овие работи од приватните радио дифузери ќе ги купиме за да можеме да ги складираме и да ги чуваме, затоа што се од интерес.

Повелете госпоѓо Ивановска, ова е мојот коментар на вашите амандмани. Повелете.

**Лилјана Ивановска:** Претседателе, вашето излагање во делот кој може да ги натера приватните да ја издадат таа документација која што ја створале, во која што вложиле пари. Тоа не е спорно, вложиле капитал, меѓутоа, не треба да заборавиме дека радиодифузните трговски друштва вршат јавна функција и јавен интерес има во оваа област. Не е тоа исто како продавање на стока или јаболки на пазар. Ова е вршење на јавен интерес во Република Македонија и формирањето и барањето на информативни програми претставува дел од наследството кое што треба да влезе во наследството на државата. Во овој амандман, не

сте прочитале, пишува дека ќе се регулира согласно со закон. Кој ќе го плати тоа што го вложил приватникот во создавањето на тие аудовизуелни дела е друго прашање кое што се регулира со закон, меѓутоа, ние сега оваа иницијатива ја правиме за да го оформиме отпочнувањето на центарот да може да функционира, затоа што и сега МРТВ со тешки маки ја одржува таа документација која што претставува историско и културно наследство на Република Македонија. Затоа ова е наша иницијатива, а не прашањето кој ќе му плати на приватникот. Тоа ќе се регулира, меѓутоа институцијата треба да се заштити и постојната документација треба да се заштити. Тоа е нашата интенција, а не кој ќе плати. Имаме решение за тоа како ќе се финансира центарот за аудовизуелното наследство.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Ивановска. Она што е веќе платено од државата преку конкурси од Радио-дифузија веќе и припаѓа на државата, затоа што тоа веќе е платено. Зборувам за нешто што државата не го плаќа а го сметаме како наше културно богатство. И тоа треба да се плати. Затоа, државата си има програма дали преку Советот за радиодифузија или преку некој друг орган, Министерството за култура што смета дека е вредно, а со закон пак ќе дојдеме до истите проблеми. Ќе направиме некое тело кое што во законот не ќе можеме да го дефинираме. Тоа е мое мислење. Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Вие давате поддршка, на индиректен начин говорите дека мора да имаме закон затоа што ова што досега е направено,што го направила државата, јас мислам дека МРТВ на сите сесии што сме ги одржале до сега искажува немоќ за понатамошно зачувување на овие дела и од технички аспект и од она што треба да биде префрлање на тие технички дела кои што се правени пред 30, 40 години, кои треба да останат во архивата на МРТВ, но воедно се од културно и секако друго значење за Република Македонија.

Државата е да оцени што е културно наследство и што од приватните медиуми можат или не можат да бидат зачувани. Но ние сега немаме место каде тие да се сочуваат. Се дава некој предлог тоа да биде Архивот на Република Македонија, кој што апсолутно не е ни спремен, ниту способен, ниту со кадри, ниту пак со можности од технички аспект да може да го прави сето ова, затоа што МРТВ гледајќи како денеска го носиме овој закон едноставно ќе дојде во ситуација да се откаже од своите вработени, а не од архивирање и зачувување на овие дела. Тука ќе биде најголемиот проблем.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, потополно се согласувам со вас во поглед на тоа, но кога ќе дојдат амандманите за финансирање на МРТВ тогаш ќе ги видиме нивните финансиски можности околу тоа да го покријат. Во секој случај сметам дека со вакви амандмани се оптоварува овој закон.

Повелете госпоѓа Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Вие со вашето упаѓање во дискусија констатиравте дека е потребно архивирање и документирање на аудовизуелното наследство, меѓутоа треба некого да задолжиме тоа да го прави. Ние токму тоа го правиме, затоа што треба да има субјект кој е задолжен за тоа, а не само по себе да се подразбира кој тоа би го правел. Значи, трговските радиодифузни друштва ако сакаат тоа ќе го прават, или пак МРТВ ако сака. Не ако сака, некој треба да води сметка, некој мора да води сметка за таа документација, затоа што тоа на сите ни е потребно. Потребно е на медиумите, потребно ни е на нас како држава и затоа сметаме дека тој центар ќе ја има таа функција. За тоа е потребно да се посочи кој тоа ќе го прави во државата. Ние сметаме дека центарот како посебна институција во рамките на МРТВ да биде на почеток, додека да се обезбедат стабилни извори за финансирање. И без тоа МРТВ заради долгата традиција тоа го прави, но по своја желба, по сопствено убедување, затоа што смета дека тоа е богатство во аудовизуелното наследство. За тоа нашиот предлог е тој центар таму да биде, да биде, дел од трансформацијата на МРТВ, а не да биде нов центар кој што би продуцирал нови трошоци. Нашата идеја е таа, а не да создаваме нови тела кои што би влечеле нови пари. Би преземале и вработени и техника. Тоа е моето дополнително излагање. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Ивановска.

Да не продолжуваме со полемика, бидејќи ќе влезам и јас во стапицата.

Бидејќи нема други пријавени за збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни, 57 гласале, 22 за, 1 воздржан и 34 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 145 став 1 и став 3 за додавање нова алинеја 4 по алинеја 3 поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова, Томе Тромбев, Драган Ѓеорѓиев, Љупчо Балковски, Спиро Мавровски и Цветле Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски. Повелете господине Мехази.

**Џемаил Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи никој не се јавува за збор го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 пратеника гласале 55 гласале, 19 за, нема воздржани, 36 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 146 став 1 за бришење на алинеите 3 и 4 поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски. Повелете господине Мехази.

**Џемал Мехази:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи е прифатен амандманот на Комисијата за транспорт, врски и екологија, кој е во иста насока на предложениот амандман.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 пратеника, 52 гласале, 8 за, нема воздржани 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 146 став 1 за бришење на алинеите 4 поднесен од пратениците Драган Ѓорѓиевски и Цветла Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски. Повелете господине Мехази.

**Џемал Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Ѓорѓиев повелете, имате збор.

**Драган Ѓорѓиев:** Поради амандманите од Влада во овој дел овој амандман е нерегулиран и го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повелечен.

Отворам претрес по амандманот на член 146 став 3 поднесен од пратениците Драган Ѓорѓиев и Цветла Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Мехази.

**Џемал Мехази:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи решението во Предлогот на законот е дицидно и нема потреба од негово доуредување со поблизок пропис од страна на Македонската радио телевизија, затоа што се спроведува согласно прописите за инвалидско осигурување.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен. Господине Ѓорѓиев повелете.

**Драган Ѓорѓиев:** Заради допрецизирање на постапката која што се утврдува во овој закон, ако е уште во првата фаза во предлогот за донесување на законот за радиодифузија го имаше, треба да постои некој став во некој од членовите на законот каде што точно се регулира кој издава акт во кој што се уредува спроведувањето на оваа одредба, затоа што лицата кои што се ослободени треба да имаат некој документ кој што ќе се достави до Советот за Радиодифузија, а кој што е издаден во овој случај од МРТВ, врз основа на кој документ ќе бидат ослободени од таа такса. Инаку, во регистарот за обврзници по кои документи ќе се врзши изземање на оние кои што се ослободени за да не добиваат сите дома сметки за плаќање на Радиодифузија.

Од овие причини се предлага овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници гласале 54 пратеници, 10 гласале за амандманот, двајца воздржани, 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвоил амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 146 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата, министерот Мехази, да се изјасни по овој амандман.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи во дадениот амандман е кажано генерално и со истиот не се уредени критериумите за корисници на социјална помош кој биле ослободени од плаќање на радиодифузната такса. Од тие причини амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам.

Само да потсетам што дефинира членот 146.

Во ставот 1 се вели дека радиодифузна такса плаќа секое семејно домаќинство во Република Македонија, хотелите и мотелите по една радиодифузна такса за секои пет соби, правните лица и сопствениците на деловен простор, на секои 20 вработени, сопствениците на угостителски објекти и други јавни објекти на секои пет маси по една радиодифузна такса. Меѓутоа, освен тоа што е утврдено во став 3 дека семејните домаќинства кои имаат слепи лица со оштетување на видог од над 90% или глуви лица со оштетување на слухот од над 60 децибили се ослободени од плаќање на радиодифузна такса. Друго нема кажано. Од тие причини сметаме дека овој член треба да биде надополнет со нов став 4 кој треба да гласи дека и корисниците на социјална помош се ослободени од обврската за

плаќање на радиодифузна такса. Тоа е од причини што корисниците на социјална помош, доведени во состојба да не можат на друг начин да обезбедат средства за егзистенција, социјалната помош им е толкава колку да преживеат, значи физички да можат да ја обноват сопствената енергија, би кажала, а не да плаќаат и радиодифузна такса и други давачки. Затоа имаме огоромен број на граѓани во државата кои не плаќаат радиодифузна такса. Од друга страна пак МРТВ е обврзана на тој дел од парите кои се предвидени дека треба да се платат, да даваат давачки на државата, значи придонеси. Така повторно се оптоварува МРТВ, од една страна заради неплатените приходи од радиодифузната такса на овие граѓани кои не можат објективно да ја платат радиодифузната такса, а од друга страна пак и за делот на државата, давачките кои треба да се платат за овој дел што граѓаните буквално не можат да го платат. Од тие причини сметаме дека е неопходно потребно за корисниците на социјална помош да се воведе нов став 4 каде ќе се каже дека тие се ослободуваат од плаќање на радиодифузната такса и на тој начин ќе ја растовариме МРТВ.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни пратеници 57 гласале, 14 за амандманот, еден воздржан, 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 148 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа бидејќи не е во согласност со предложениот начин на финансирање на Предлог законот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

(Од место реагира пратеничката Силвана Бонева дека не и е дадено збор по амандманот).

Овде не пошува кој се јавува за збор. Досега поминавме 40 амандмани и никој го немаше овој проблем. Сите се пријавуваа на време.

Според тоа претресот е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 присутни пратеници гласале 55 за амандманот гласале 8, еден воздржан, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 149 став 1 алинеи 1,2,3 и 5, за бришење алинеја 4 и за додавање нова алинеја 6 по алинеја 5, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, од причини што не беше прифатен амандманот за формирање на фонд, амандманот на член 149 и амандманот на член 145 веќе се безпредметни и нема потреба да ги разгледуваме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 149 став 1, алинеја 1 и 3 и за додавање нова алинеја 6 по алинеја 5, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лептикова, Томе Тромбев, Драган Ѓорѓиев, Љупчо Балковски, Спиро Мавровски и Цветле Јанеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.Повелете министре.

**Џемаил Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓа Ивановска имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Јас и госпоѓа Соња Лепиткова како иницијатори на овој амандман што го подржаа колегите пратеници, а претходно амандманите кои беа поврзани со воспоставување на Центарот за архивирање, овие два амандмани повеќе немаат смисла и затоа од името на предлагачите на амандманите, овој амандман на член 149, го овлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 164, поднесен од пратениците Цветла Јанеска и Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министре.

**Џенали Мехази:** Амандманот не се прифаќа бидејќи надлежностите на Агенцијата за електронски комуникации и Министерството за транспорт и врски децидно се наведени во Законот за електронски комуникации.

**Љпчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓа Јанеска, имате збор.

**Цветле Јанеска:** Благодарам.

Интервенцијата на овој амандман на членот 164 се однесува на допрецизирање на компетенциите во областа на надзорот, врз исполнувањето на условите за работа. Имено, од проста причина, оној кој го издава одобрението за одредена работа, тој треба да го врши надзорот. Одтука надзорот за исполнувањето на условите за

работа содржани во одобрението за користење на радиофреквенциите го врши Агенцијата за електронски комуникации затоа што истата го издава одобрението. Надзорот пак над изградбата, одржувањето и употребата на мрежите и средствата за емитување и пренос на програмите, го врши Министерството за транспорт и врски. Значи целта е прецизно да се дефинира надзорот, согласно одобренијата што ги дава и транспарентно да се следат одговорностите на спомнатите субјекти.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема други пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, 56 гласале, 15 за, 4 воздржани, 36 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 166 за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи со владин амандман е регулирана оваа проблематика.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повлете господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Членот 166 се однесува на казнените одредби.

Во ставот 1 имаме парична казна од 200 до 300 илјади денари и вели -ќе се казни за прекршок радиодифузер и друго правно лице ако и тука има некаде 44 алинеи во кои се набројува поради што би можел да биде казнет радиодифузерот.

Во ставот 2 од истиот член стои-со парична казна од 6 милиони денарри ќе се казни радиодифузер или друго правно лице ако прекршокот од став 1 на овој член го сторил од користољубие.

Сега јас ќе се обидам да објаснам неколку работи за граѓаните на Република Македонија и за колегите пратеници. Не знам дали од ова можеме да донесеме заклучок дека некој има користољубие или нема. Значи, користи телефонски услуги со посебна тарифа, спротивна на одредбите на член 75 од овој Закон. Потоа, организира игри на среќа со извлекување и со вложување на спортски натрепвари, спротивно на член 76 став 1, од овој Закон. Потоа, емитува игри на среќа со извлекување, организирани од субјекти без лиценца, од надлежен орган за организирање на игри на среќа; создава и емитува радио и телевизиска програма без уредени авторски и сродни права; емитува рекламирање и теле- шопинг, спротивно на одредбите од членовите 87,88,89; врши рекламирање, емитува телешопинг; емитува, за време на изборна кампања, платена политичка програма чие време траење е подолго од утврденото во Одлуката. Ако сите овие алинеи од ставот 1 продолжам да ги читам, дали министерот ќе најде начин да ми каже зошто некој би организирал игри на среќа, лотарија, или пак емитува телешопин прозори, ако од сето тоа нема користољубие. Значи имаме две можности да бидат казнети луѓето за иста работаа. Користољубие има во сите овие алинеи. Или ќе ги извлечете алинеите, ќе направите да бидат во ставот 2, затоа што тоа е чисто користољубие. Од љубов кон лотарија или кон бинго никој не го прави тоа, туку се работи за средства. Или ќе влезат во ставот 2, или на овој начин веќе е многу спорен овој член и мислам дека вака не смее да оди. Не знам каде тоа го регулирал министерот. И со новите амандмани тоа истото стои. Значи, треба да се дефинира користољубие. Мислам дека поголем број од алинеите од ставот 1 треба да се префрлат со парична казна од 6 милиони денари, затоа што се работи очигледно за користољубие.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓа Ивановска имате збор.

**Лилјана Ивановска:** На Комисијата за транспорт и врски за ова прашање доста дискутиравме и за амандманот што го предлага колегата Мавровски. Меѓутоа, амандманот што го предлага колегата Мавровски не е соодветен затоа што го бриша ставот 2 односно ја брша казнената одредба од 6 милиони денари за делот за користољубие.

Во радиодифузната дејност, претпоставувам дека скоро сите мотиви за кршење на законот би биле користољубие затоа што тоа е високо профитна дејност. Затоа повеќето членови од Комисијата сметаа дека паричната казна треба да биде една, а да не стои ставот 2- користољубие. Меѓутоа, така како што е предложено и со амандманите од Владата 100 до 200 илјади е премала казна за некои прекршоци каде дифузните друштва повеќе ќе имаат финансиски интерес да ја прекршат нормата а да профитираат, додека разликата од ставот 1, сто до двеста илјади, до 6 милиони денари казна е огромен дијапазон на разлика, така што тука има многу простор за злоупотреба на одлуките на Советот за радиодифузија или сите што вршат надзор врз законот и отвора простор за корупција. Тоа, затоа што разликата од 100 илјади до 6 милиони денари е многу голема. Затоа моето лично мислење е дека до крајот на амандманската расправа Министерството за правда треба да даде толкување за една парична казна односно повисока од 100 до 200 илјади денари, меѓутоа да биде една единствена казна, или пак прекршоците што се однесуваат на 6 милиони денари, да се префрлат во став 2. На тој начин ќе добиеме една урамнотеженост и нема да има свесно кршење на законот, или пак субјективност во изрекување на многу високи казни односно уценување од страна на тие на кои ќе им биде дадено овластувањето за изрекување

на казни. Тоа е многу важно прашање во дисциплината на реализација на законот за радиодифузија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Мавровски имате три минути реплика.

**Спиро Мавровски:** И благодарам на колешката Ивановска што дава поддршка на овој амандман. И јас стојам на истиот став односно на тоа мислење дека министерот ќе најде начин како да се реши ставот 2 затоа што од 300 илјади до 6 милиони денари е преголема разлика, а сите овие алинеи што ги кажав, се работи за големи пари каде што апсолутно од љубов никој тоа не го прави. Имаме користољубие докажано кое не треба никој да го докажува. Или тие треба да влезат во ставот 2, да ги нема во ставот 1, или пак вака како што стои, вие си земате за право, оној што ви е мил да биде казнет со 300 илјади, или тој што мислите веќе дека работел од користољубие, да биде казнет со 6 милиони денари. Тоа е една казна поголема за 20 пати, што ќе се согласите, апсолутно не одговара на тоа што го имате дадено. Токму во тој правец е даден амандманот. Јас стојам на мислење дека или да се извадат сите овие алинеи, за кои говорев, каде е очигледно докажано користољубието за емитување како програма, или пак ставот 2 да отпаден од овој закон затоа што на тој начин ќе има можност некој некого да го казнува како што сака.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, гласале 57, за гласале 13, 3 воздржани, 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот

Отворам претрес по амандманот на член 167 став 1, за менување на точка 8, поднесен од пратениците Драган Ѓорѓиев и Цветле Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од законот.

Почитувани пратеници, тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,05 часот)